**20251543373**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јули 2025 година.

Бр. 08-4177/1
24 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” број 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 13/23 и 59/25), во членот 4-а ставот (11) се менува и гласи:

„Во име на Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија или Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во зависност од тоа кој го воспоставил иницијалниот контакт со инвеститорот, склучува договор во кој е определена државната помош која се доделува на корисникот на зоната, согласно со овој закон, за кои договори Владата на Република Македонија дава претходна согласност.”.

Член 2

Во член 5 во ставот (4) по зборот „економија” се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 3

Во членот 8 став (1) во точката 3) зборовите: „или министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции” се бришат.

Член 4

Во членот 8-а во ставот (1) зборовите: „или до министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции” се бришат.

Во ставот (3) зборовите: „или министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции” се бришат.

Во ставот (4) зборовите: „или министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции” се бришат.

Во ставот (6) зборовите: „или министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции” се бришат.

Член 5

Во членот 9 став (3) во точката 8) зборовите: „или министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции” се бришат.

Во ставот (4) зборовите: „или министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции” се бришат.

Во ставот (9) зборовите: „или министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции” се бришат.

Член 6

Во член 12 во ставот (5) по зборот „економија” се додаваат зборовите: „и труд”.

Во ставот (6) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 7

Во член 19 во ставот (1) по зборот „економијата” се додаваат зборовите: „и трудот”.

Во ставот (5) по зборот „економијата” се додаваат зборовите: „и трудот”.

Член 8

Во член 22-в во ставот (2) зборовите: „Министерството за транспорт и врски” се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт”.

Во ставот (3) зборовите: „Министерството за транспорт и врски” се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт”.

Член 9

Во член 22-ѓ во ставот (6) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 10

Во член 33 во ставот (16) по зборот „економија” се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 11

Во членот 33-б зборовите:

„државната урбанистичко-планска документација или архитектонско-урбанистичкиот проект” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти.”.

Член 12

Во член 33-в во ставот (3) зборовите: „урбанистичко-планската документација, односно архитектонско-урбанистичкиот проект” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти.”.

Член 13

Во член 33-д став (5) во алинејата 2 зборовите: „урбанистичко-планска документација или архитектонско-урбанистички проект” се заменуваат со зборовите: „урбанистички план или проект. “.

Член 14

Во член 33-ѓ став (2) во алинејата 1 зборовите: „урбанистичко-планска документација или архитектектонско-урбанистички проект” се заменуваат со зборовите: „урбанистички планови, односно проекти”, а зборовите: „архитектонско-урбанистичкиот проект” се заменуваат со зборовите: „урбанистички проект”.

Во ставот (5) зборовите: „урбанистичко- планската документација, односно архитектонско-урбанистичкиот проект” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти”.

Во ставот (8) зборовите: „урбанистичко- планската документација, односно архитектонско-урбанистичкиот проект” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти.”.

Во ставот (10) зборовите: „урбанистичко- планската документација, односно архитектонско-урбанистичкиот проект” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти.”.

Член 15

Во членот 33-ѕ зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 16

Во член 34-а во ставот (5) по зборот „економија” се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 17

Во члено 34-б став (4) во алинејата 6 зборовите: „ Државен инспекторат за техничка инспекција “ се заменуваат со зборовите: „Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини.”.

Во ставот (7) зборовите: „државната урбанистичка-планска документација” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти”.

Член 18

Во член 34-в во ставот (4) зборовите: „Државниот инспекторат за техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини.”.

Во ставот (5) по зборот „економија” се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 19

Во член 34-д став (1) во алинејата 5 зборовите: „државната урбанистичка-планска документација” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти”.

Член 20

Во член 34-ѓ во ставот (6) по зборот „економија” се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 21

Во членот 34-з зборовите: „урбанистичко-планската документација” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти”.

Член 22

Во членот 34-ѕ зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 23

Во член 38-а во ставот (1) зборовите: „Урбанистички план или Урбанистичка-планска документација” се заменуваат со зборовите: „урбанистичките планови, односно проекти”.

Член 24

Во член 47-б во ставот (9) по зборот „економија” се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 25

Членот 47-в се брише.

Член 26

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

Член 27

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.